РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

Врз основа на член 20-г од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија бр. 27/14,199/14 , 27/16 , 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр.143/2019 „) член 11 од Законот за пожарникарството („Службен весник на Република Македонија„ 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15 , 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија„ бр. 152/2019 ) и член 22 од Закон за работните односи („Службен весник на Република Македонија" „. 62/2005; 106/2008; 161/2008; 114/2009; 130/2009; 149/2009; 50/2010; 52/2010; 124/2010; 47/2011; 11/2012; 39/2012; 13/2013; 25/2013; 170/2013; 187/2013; 113/2014; 20/2015; 33/2015; 72/2015; 129/2015 , 27/2016 и 120/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија „ бр. 110/2019), Градоначалникот на Општина Битола објавува:

**ЈАВЕН ОГЛАС БРОЈ 1/2019**
**за вработување на неопределено работно време на 5 (пет ) овластени службеници во областа на безбедноста**

Општината Битола има потреба од вработување на неопределено работно време на 5 (пет ) овластени службеници во областа на безбедноста за следните работни места:

**1.а)**-реден број 139,шифра-ПОЖ0210В03000,**назив на работно место**-пожарникар спасител-возач на специјално возило, број на извршители -2 (два);

**б)-општи услови:**
-кандидатот да е државјанин на Република Северна Македонија,
-да е полнолетен,
-да има општа здравствена способност за работното место,
-со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење на професија, дејност или должност и
- активно да го користи македонскиот јазик;

**-општи работни компетенции на основно ниво**:
учење и развој, комуникација, остварување резултати, работење со други/тимска работа и ориентираност кон засегнати страни- (проверка на општите и посебните работни компетенции ќе биде извршена во фазата на интервју);

**в)посебни услови:**
- стручни квалификации : ниво на квалификации IV според Македонската рамка на квалификации и стекнати 180 или 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или најмалку вишо или средно образование ,
- работно искуство: најмалку една година во струката евидентирано во Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија како работен стаж;

**- други посебни услови:**
- положен возачки испит –Ц категорија ;

- сертификат за стекната квалификација пожарникар, (Вработениот во територијалната противпожарна единица има обврска во рок од една година од денот на вработувањето, да се стекне со сертификат за стекната квалификација пожарникар, издаден од институција овластена од Министерството за образование и наука, во спротивно му престанува вработувањето).

**г) распоред на работно време** : дневно работно време- работа во две смени од 07 часот до 19 часот и од 19 часот до 07 часот, 40 часовно -неделно работно време;
**д)** паричен нето износ на плата : 15591, денари;
**ѓ) напомена:** Согласно годишниот план за вработување за 2019 година вработувањето е предвидено за Македонец(ка);

**2.а)**-реден број 140,шифра-ПОЖ0210В04000, **назив на работно место**-пожарникар спасител број на извршители -3 (три);

**б)-општи услови:**

-кандидатот да е државјанин на Република Северна Македонија,
-да е полнолетен,
-да има општа здравствена способност за работното место,
-со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење на професија, дејност или должност и
- активно да го користи македонскиот јазик;

**-општи работни компетенции на основно ниво**:
учење и развој, комуникација, остварување резултати, работење со други/тимска работа и ориентираност кон засегнати страни- (проверка на општите и посебните работни компетенции ќе биде извршена во фазата на интервју);

**в)посебни услови:**

- стручни квалификации : ниво на квалификации IV според Македонската рамка на квалификации и стекнати 180 или 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или најмалку вишо или средно образование ,
- работно искуство: со или без работно искуство во струката евидентирано во Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија како работен стаж;

**- други посебни услови:**
- сертификат за стекната квалификација пожарникар, - (Вработениот во територијалната противпожарна единица има обврска во рок од една година од денот на вработувањето, да се стекне со сертификат за стекната квалификација пожарникар, издаден од институција овластена од Министерството за образование и наука, во спротивно му престанува вработувањето).

**г) распоред на работно време** :дневно работно време- работа во две смени од 07 часот до 19 часот и од 19 часот до 07 часот, 40 часовно -неделно работно време;
д) паричен нето износ на плата : 15591, денари;
**ѓ) напомена:** Согласно годишниот план за вработување за 2019 година вработувањето е предвидено за Македонец(ка);

**3.а)- Пријавата за вработување со задолжителните докази за исполнување на условите** се доставува во рок од 7 **дена** од денот на објавувањето на јавниот оглас во дневен печат не рачунајќи го денот на објавувањето.
Пријавата за вработување со задолжителните докази за исполнување на условите се доставува во хартиена форма на адреса -Општина Битола ,
Булевар „1 ви Мај „ бр. 61 Битола.
Лице за контакт – Кире Ѓоргиевски , телефон 070-303-725;
Пријавата за вработување може да се подигне од шалтерот на Општина Битола или да се превземи од веб страната на Општина Битола: **www.bitola.gov.mk**

**- пријавата за вработување треба да содржи:**
-податоци за кандидатот ( име и презиме, матичен број, датум и место на раѓање, адреса и место на живеење, електронска адреса на кандидатот, контакт телефон, припадност на заедница)
- кратко мотивациско писмо;
-кратка биографија;
-изјава за исполнување на општите услови за работното место со наведување ДА/НЕ за секој услов одделно;
-изјава за исполнување на посебните услови за работното место со наведување ДА/НЕ за секој услов одделно;
-изјава за исполнување на други посебните услови за работното место со наведување ДА/НЕ за секој услов одделно;

Кандидатите кон Пријавата треба да ја достават следнава потребна документација
- Уверение за Државјанство на РСМ (оригинал или заверено на нотар).
- Диплома за завршено образование (оригинал или заверена на нотар ).
- Извод од историјатот на вработување од Центарот за вработување ,
како доказ за работното искуство (оригинал или заверен на нотар ) или Преглед од Фондот за пензиско и инвалидско осигурување ПИО (оригинал или заверен на нотар) за работното место под точка 1а.
-Лекарско уверение како доказ да има општа здравствена способност за работното место за кое се пријавува - пожарникар спасител-возач на специјално возило **или** пожарникар спасител (оригинал)
- возачка дозвола за положен возачки испит –Ц категорија (заверена фотокопија на нотар) за работното место под точка 1а;

- Документот – уверение за со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење на професија, дејност или должност Општината Битола по службена должност самата ќе го набави.

- сертификат за стекната квалификација пожарникар, (Вработениот во територијалната противпожарна единица има обврска во рок од една година од денот на вработувањето, да се стекне со сертификат за стекната квалификација пожарникар, издаден од институција овластена од Министерството за образование и наука, во спротивно му престанува вработувањето).

Кандидатите кои во кратката автобиографија и мотивациско писмо навеле податоци дека имаат завршено повисоко образование од она што се бара во огласот, членуваат во доброволни противпожарни друштва, имаат возачка дозвола со положено плус други категории , потребно е за сите нив да достават соодветен доказ - документ во оригинал или заверена фотокопија.
**Ненавремени и некомплетни пријави нема да се разгледуваат.**

**б)- постапката за селекција** ќе биде спроведена во следните фази: проверка на комплетност на пријавата и доказите , проверка на веродостојност на доказите и интервју;
Градоначалникот со решение формира Комисија за селекција, која во рок од осум дена од истекот на рокот за пријавување на огласот врши проверка дали кандидатите ги доставиле задолжителните докази за исполнување на условите од огласот.
Комисијата за селекција врши проверка на веродостојноста на доказите .
По проверката на веродостојност на доказите , преку емаил или телефон за контакт наведени во пријавата се закажува ден , час и место каде ќе се изврши интервју.

Селекцијата на кандидатите се врши врз основа на јасни и транспарентни критериуми, пропишани од Градоначалникот на единицата на локалната самоуправа.

По спроведената постапка на селекција, за секое различно работно место од јавниот оглас се прави ранг-листа на кандидати кои успешно ги поминале сите фази на селекција.

Од ранг-листата се избираат онолку кандидати со припадност на заедница согласно со одредбите од Законот за вработените во јавниот сектор.

Комисијата за селекција ранг листата на кандидати му ја доставува на градоначалникот, кој врши избор во рок од 15 дена.

Вработениот во територијалната противпожарна единица има обврска во рок од една година од денот на вработувањето, да се стекне со сертификат за стекната квалификација пожарникар, издаден од институција овластена од Министерството за образование и наука, во спротивно му престанува вработувањето.

**4. Одлуката за избор** ќе биде донесена во рок согласно член 23 од Законот за работни односи .

Бр.04-145/2
05.08.2019.

Битола

**Градоначалник**
на Општината Битола

м-р Наташа Петровска

Изготвил: Кире Ѓоргиевски